# AUTODESK Fusion

## Иднината на дизајнирање и производство



### Функционален дизајн
Дизајнирајте и конструирајте производи така како што сакате со цел да обезбедите естетика, форма, вклопување, и функција.

### Креирајте било што
Напредни алатки за адитивно и субтрактивно производство, електроника, и PCB дизајн.

### Забрзана иновација
Пласирајте ги иновативните производи на пазарот побрзо.

## Што е Autodesk Fusion?
Fusion е клауд-базирана софтверска платформа за 3D моделирање, CAD, CAM, CAE и PCB за професионален дизајн на производи и производство. Пласирајте ги производите на пазарот побрзо и имајте влијание на вашиот профит преку поврзан процес на развој на производите.



## Можности



### Флексибилен 3D CAD
Со платформа за 3D дизајн и моделирање, конструирајте ги производите со сеопфатен сет на алатки за моделирање, вклучувајќи директно, површинско, параметриско, меш и моделирање преку слободни форми. Со лесен за работа клауд CAD софтвер, може многу брзо да ги истражите многубројните итерации.



### Интегриран CAD/CAM
Можностите на дизајнирање до производство овозможуваат лесно да се програмираат CNC машините за да произведуваат високо квалитетни CNC машински делови, со употреба на поедноставни контроли за високо ефикасно отстранување на вишок материјал, адаптивно чистење, и ориентација на алатот.



### Унифициран PCB дизајн
Употребете ја моќта на шематскиот дизајн, PCB нацрт, и рутирачките можности за да ги донесат вашите дизајни во реалност. Заштедете драгоцено време за дизајнирање со целосно функционалното шематско снимање, PCB производство, и библиотека на PCB компоненти со делови спремни за употреба.



### Беспрекорна 3D симулација
Тестирајте ги вашите дизајни за да бидете сигурни дека ќе ги преживеат условите во реалниот свет. Дигиталните, клауд базирани алатки ви овозможуваат да ги симулирате вашите производи, намалувајќи ги трошоците на прототипирањето. Поставете повеќе студии за да стекнете сознанија за анализата на крајните елементи, преку истражување.



### Истражувачки генеративни алатки
Оптимизирајте го вашиот дизајн со многубројните варијанти спремни за производство што одговараат на вашите спецификации притоа намалувајќи ја тежината, подобрувајќи ги перформансите и консолидирајќи ги деловите. Прегледајте ги AI генеративните дизајн варијанти врз основа на визуелни сличности, цртежи и филтри.



### Инстантно управување со податоци
Централизираното управување со податоци во реално време ви овозможува да доделувате пермисии внатре и надвор од вашата организација, да ги намалувате конфликтите и грешките со автоматизираната контрола на верзиите и овозможува тимовите да работат од било каде со помош на складирање на податоци во клауд и да имаат пристап од било кој уред.

**Autodesk Fusion нуди можности кои ги забрзуваат бизнис резултатите**

Организациите што истовремено конструираат и се поагилни, може да имаат бенефит од подобрувањата во итерациите на дизајнот. Искористувањето на подобрениот развоен процес на производот овозможува производите побрзо да се пласираат на пазарот и подобро да се искористуваат ресурсите на вашата компанија.

Learn more: autodesk.com/fusion

AUTODESK

# Што претставува Fusion екстензија?

Откријте го напредното дизајнирање, симулации, производство и технологиите на управување со податоци



**Напредни стратегии**
Имајте пристап до сложени стратегии во машинството, генеративен дизајн, и адитивни производствени работни текови

**Прилагодени претплати**
Прилагодете го вашето искуство за да се усогласите со проектните временски планови со неколку опции на претплата

## Што претставува Fusion екстензија?

Екстензиите ви овозможуваат да го откриете напредното дизајнирање и напредните технологии на производство во Fusion. Креирајте подобри производи со подобрени работни текови изработени по мерка на вашиот бизнис на една платформа.



## Достапни екстензии



**Екстензија за производство**
Откријте ги дополнителните можности за 3 до 5 оскеното CNC машинство, вгнездување и фабрикација базирано на плочи и адитивно производство базирано на метали. Забрзајте го CAM програмирањето и подобрете ја конзистентноста на производните процеси за да произведете високо квалитетни делови.



**Екстензија за дизајн**
Подобрете го развојниот производствен процес со искористување на многубројни варијанти на дизајн под влијание на вашите достапни ограничувања на дизајнот. Фокусирајте се на функција и естетика со автоматизирани можности за промена на дизајнот што подобро ќе ги спремат вашите дизајни за на полица.



**Екстензија за симулација**
Оптимизирајте го дизајнирањето на деловите и перформансите со виртуелна симулација. Истражете нови дизајнирачки варијанти со пристап до генеративен дизајн и валидирајте со моќни симулирачки студии вклучувајќи FEA, ладење на електрониката, вбризгување во калапи и повеќе.



**Екстензија за управување**
Подобрете го управувањето на вашиот инженерски процес со колаборативен работен тек во клауд. Снимајте, известувајте и одобрувајте за сите промени на дизајнот. Објавете ги и следете ги најново одобрените податоци до сите засегнати страни. Контролирајте како корисниците ќе бидат во интеракција со вашите проектни податоци.



**Екстензија за интегритет на сигналот**
Подобрете ја брзата PCB дизајн усогласеност со EMI и EMC стандардите за тестирање. Намалете ги трошоците од физичкото PCB прототипирање и времето на тестирање со виртуелизирање на електромагнетната анализа и рана симулација во рамките на работниот тек на PCB дизајнот.

Try Fusion FREE for 30 days

## Што претставува Fusion Industry Cloud?

Autodesk Fusion претставува клауд за производствените индустрии. Ги поврзува вашите податоци и луѓето, испорачувајќи следна генерација на работни текови во целокупниот развоен процес на производот од почеток до крај низ вашата организација и екосистем.

